# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 9 * година VII* 16.07.2012 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, јули 2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Локалитет “Карпош 4“ дел “А“,Општина Карпош,Скопје

1.Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Локалитет “Карпош 4“ дел “А“,Општина Карпош,Скопје донесена на Педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 4803/1**
**16.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 26 став 4 алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09 , 124/10 I 18/11) и член 16 од Статутот на Општината Карпош ( „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06), Советот на Општина Карпош на Педесет и петтата седница, одржана на 13 јули 2012 година донесе

## О Д Л У К А

за донесување на Детален урбанистички план за Локалитет “Карпош 4“ дел “А“,Општина Карпош,Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за за донесување на Детален урбанистички план за Локалитет “Карпош 4“ дел “А“,Општина Карпош,Скопје

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На исток:** границата оди по осовината на ул.Љубљанска

**На север:** границата оди по осовина на бул. “Илинден“ по осовина на пешачка патека,пристап до паркинг скршнува на запад по осовина на улица “Вич“

**На запад:** границата оди по осовината на пешачка патека,пристап до паркинг,до ул.“Разловечко Востание“ скршнува на исток и по осовина на ул .“Желево“ до раскрсница со ул “Волгоградска“

**На југ:** границата оди по осовината на ул.“Волгоградска“

Површината на урбаниот опфат изнесува 11,57 ха.

### Член 3

Опфатот на Деталниот урбанистички план, ги содржи следните класи на намени:домување во станбени куќи,домување во станбени згради,објекти од социјална заштита,сервисни дејности.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

А2-дмување во станбени куќи

В1 – образование

Г3- сервисни дејности

Д1- парковско зеленило

Д2- заштитно зеленило

Максималната висина на новопланираните објекти изнесува Hмах.=16.50 м.

Со планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план се заверува во седум примероци од кои: еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив, еден примерок се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до

Агенцијата за катастар на недвижности и седмиот примерок се изложува кај донесувачот на планот заради достапност на јавноста.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-4636/2
13.07.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за обезбедување локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ „Вера Циривири Трена“ за функционирање на Центар за креативно живеење „ПАРК“

1.Се објавува Одлуката за обезбедување локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ „Вера Циривири Трена“ за функционирање на Центар за креативно живеење „ПАРК“, донесена на Педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 4803/2**
**16.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Педесет и петтата седница одржана на 13 јули ја донесе следната

ОДЛУКА

за обезбедување локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ „Вера Циривири Трена" за функционирање на Центар за креативно живеење „парК"

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа Барањето за соработка на Здружението на граѓани „Јунона" од Скопје и се обезбедува локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ „Вера Циривири Трена" за функционирање на Центар за креативно живеење „парК", со вкупна површина од 432 $м^2$.

Член 2

Локацијата од член 1 на оваа одлука ќе се користи за временски период од три години, сметано од денот на потпишувањето на договорот за начинот на нејзиното користење.

Член 3

За непречено поставување на монтажно-модуларниот објект од член 1 на оваа одлука Општина Карпош ќе обезбеди инфраструктурни приклучоци за струја, вода и канализација, како и изведба на подлога за поставување монтажно-модуларен објект.

Средствата потребни за реализација на активностите од став 1 на овој член, во висина од околу 1.800.000,00 денари да се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, Програма ФА-уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), ставка 482 – други градежни објекти, потставка 482920-изградба на други објекти.

Член 4

Заради непречено функционирање на Центарот за креативно живеење „парК" Општина Карпош ќе обезбеди средства за надоместување на комуналните трошоци (струја и вода) за период од шест месеци во износ од по 30.000 денари месечно.

Средствата од став 1 на овој член да се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, Програма ЕО – општинска администрација, ставка 463-трансфер до невладини организации, потставка 463110-трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

Член 5

По завршувањето на периодот за користење на локацијата, утврден во член 2 на оваа одлука, Здружението на граѓани „Јунона“ е должно монтажно-модуларниот објект да го предаде во сопственост на Општина Карпош.

Член 6

Во функција на активностите за поставување на монтажно-модуларниот објект и функционирање на Центарот за креативно живеење „парК“ да се потпише Меморандум за соработка помеѓу Општина Карпош, Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија (партнер на проектот) и Здружението на граѓани „Јунона“, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 7

За реализирање на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Карпош да склучи договор за начинот за користење на локацијата од член 1 на оваа одлука со Здружението на граѓани „Јунона“, во рок од 15 дена од денот на потпишувањето на Меморандумот за соработка од членот 6 на оваа одлука.

Член 8

За надзор на спроведувањето на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Карпош да формира комисија составена од три члена во рок од осум дена од денот на склучувањето на договорот од член 7 на оваа оваа одлука.

Комисијата од став 1 на овој член е должна квартално да доставува извештаи до Градоначалникот на Општина Карпош за процесот на реализирање на активностите од оваа одлука и од склучениот Договор за начинот за користење на локацијата.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престнува да важи Одлуката за учество на Општина Карпош во реализација на иновативниот проект Центар за креативно живеење „парК“ („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 11/2011).

Член 10

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.07- 4636/3
13.07.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за дејноста спорт
за 2012 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година, донесена на Педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 4803/3** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**16.07.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), Советот на Општина Карпош, на Педесет и петтата седница, одржана на 13 јули 2012 година, донесе

ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата за дејноста спорт
за 2012 година

Член 1

Се врши дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година („Службен гласник на Општина Карпош “ бр.19/2011 и бр.4/2012 и 7 /2012) .

-Во табеларниот преглед, глава IV. Преглед на спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош, точка 1. Училишни спортски игри Карпош и ревијален кошаркарски натпревар ALL STAR-кошарка и ALL STAR-фудбал, во делот Ресурси, трошоци, после текстот: “Хонорари за судии, делегати, наставници, се додава нов текст кој гласи:
“и естрадни уметници и групи .“

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр. 07-4636/4
13.07.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година, донесена на Педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 4803/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**16.07.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Педесет и петтата седница одржана на 13 јули 2012 година донесе

**ПРОГРАМА**

за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година

**член 1**

Се врши дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2012 ,бр.4/2012 , бр.5/2012 и бр.7).

Во делот II, по точката 55.1 се додаваат нови точки и тоа:

55.1-Нацрт Детален урбанистички план за Локалитет Карпош 1 ООУ Христијан Тодоровски Карпош

55.2- Предлог Детален урбанистички план за Локалитет Карпош 1 ООУ Христијан Тодоровски Карпош

56.1- Нацрт Детален урбанистички план за Локалитет Карпош 2 ООУ Вера Циривири Трена

56.2- Предлог Детален урбанистички плам за Локалитет Карпош 2 ООУ Вера Циривири Трена

57.1- Нацрт Детален урбанистички плам за Локалитет Влае 2 ООУ Димо Хаџи Димов

57.2- Предлог Детален урбанистички плам за Локалитет Влае 2 ООУ Димо Хаџи Димов

58.1-Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет Карпош 2,помеѓу ул.Бледски Договор,Новопланирана ул.1,Бул.8-ми Септември и бул.Партизански одреди, Блок 2

58.2 –Предлог Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет Карпош 2,помеѓу ул.Бледски Договор,Новопланирана ул.1,Бул.8-ми Септември и бул.Партизански одреди, Блок 2

59.1-Нацрт Урбанистички план за село Бардовци

59.2-Предлог-Урбанистички план за село Бардовци

60.1-Нацрт- Детален урбанистички план за населба Карпош 3, Локалитет 2, ООУ Лазо Трповски

60.2-Предлог- Детален урбанистички план за населба Карпош 3, Локалитет 2, ООУ Лазо Трповски

**член 2**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07 – 4636/5
13.07 .2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлукта за доделување на финансиски средства на Шаховски клуб “ГАМБИТ АСЕКО –СЕЕ“

1.Се објавува Одлукта за доделување на финансиски средства на Шаховски клуб “ГАМБИТ АСЕКО –СЕЕ“, донесена на Педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08- 4803/5** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**16.07.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесет и петтата седница одржана на 13 јули 2012 година донесе

## О Д Л У К А
за доделување на финансиски средства на Шаховски клуб "ГАМБИТ АСЕКО –СЕЕ"

Член 1

На Шаховски клуб "ГАМБИТ АСЕКО –СЕЕ"-Скопје , се доделуваат финансиски средства во износ од 123.000,00 денари , за учество на четири деца деца-шампиони во шах и нивниот тренер-водач, членови на шаховскиот клуб, на Европското детско првенство во шах,кое ќе се одржи во Прага-Чешка Република од 16-26 Август 2012 година .

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Член 3

Оваа Одлука ќе ја спроведат Градоначалникот и Секторот за финансиски прашања на Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 4636/6
13.07.2012година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион (работен и финансиски извештај) за 2011 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион (работен и финансиски извештај) за 2011 годин донесен на Педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08- 4803/6
16.07.2012 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесет и петтата седница одржана на 13 јули 2012 година донесе

## ЗАКЛУЧОК
### за усвојување на Извештајот за работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион (работен и финансиски извештај) за 2011 година

1.Се усвојува Извештајот за работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион (работен и финансиски извештај) за 2011 година.

2. Примерок од Заклучокот да се достави до Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-4636/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.07. 2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за формирање на Општински Совет за превенција на малолетничко престапништво на Општина Карпош

1.Се објавува Одлукта за формирање на Општински Совет за превенција на малолетничко престапништво на Општина Карпош, донесена на Педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 4803/7**
**16.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 147 од Законот за малолетничка правда ("Службен весник на Република Македонија" бр.87/07,103/08, 161/08 и 145/10), Советот на Општина Карпош, на Педесет и петтата седница одржана 13 јули 2012, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање на Општински Совет за превенција на малолетничко престапништво на Општина Карпош**

**Член 1**

Се формира Општински Совет за превенција на малолетничко престапништво на Општина Карпош од 17 членови .

За членови на Општинскиот Советот за превенција на малолетничко престапништво на Општина Карпош за време од 5 години се именуваат следните претставници:

-Коца Азамела - Министерство за внатрешни работи-ПС од ОН "Карпош",
-Ваљдета Вукељ - Министерство за труд и социјална политика,
-Тамара Мартиновска – Јавна установа Меѓуопштински центарот за социјална работа - Скопје,
-Зоран Коцоски – Совет на родители на ООУ „Димо Хаџи Димов",
-Даниела Панајотова - Совет на родители на ООУ „Петар Поп Арсов",
-Билјана Зафирова - Совет на родители на ООУ „Братство",
-Ивана Ордевска - Совет на родители на ООУ „Лазо Трповски",
-Иван Причков – Совет на родители на ООУ „Војдан Чернодрински",
-Васко Милосиевски – Совет на родители на ООУ „Јан Амос Коменски",
-Македонка Димковска – Совет на родители на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош",
-Наташа Станоевиќ- Совет на родители на ООУ „Владо Тасевски",
-Емилија Младеновска – Совет на родители на ООУ „Аврам Писевски",
-Снежана Саздовска –Совет на родители на ООУ „Вера Циривири Трена",
-Марија Стефаноска - Адвокатска комора на Република Македонија,
-Владимир Лазовски- Здружение на граѓани "Отвори ги прозорците",
-Миле Мојсовски-Основно јавно обвинителство – Скопје и
-Љубинка Ѓорѓиевска – Основен суд Скопје 1 – Скопје.

**Член 2**

За претседател на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапиништво на Општ6ина Карпош, со мандат од 2 години, се избира Коца Азамела.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07-4636/ 8
13.07.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за одобрување на средства за поддршка на Спортското друштво на глуви лица „Слобода“

1.Се објавува Одлукта за за одобрување на средства за поддршка на Спортското друштво на глуви лица„Слобода“, донесена на Педесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 13 јули 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08- 4803/8**
**16.07.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Карпош на Педесет и петтата седница, одржана на 13 јули 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
за одобрување на средства за поддршка на Спортското друштво на глуви лица „Слобода"

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа Барањето на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија бр.02-4747/1 од 12.07.2012 година, за поддршка на спортско друштво на глуви лица „Слобода"- Општина Карпош- Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 200.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2012, Програма ЛО-Спорт и рекреација, ставка 464- разни трансфери, потставка 464990- други трансфери.

**Член 4**

За реализацијата на одобрените средства Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија е должен до Советот на Општина Карпош да достави извештај.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 4636/9
13.07.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1.-Одлука за донесување на Детален урбанистички пла
за локалитет “Карпош 4“ дел А, со Решение за објавување
2.-Одлука за обезбедување локација за поставување
на монтажно-модуларен објект во дворно месо на
ООУ“Вера Циривири Трена“ за функционирање на
Центар за креативно живеење “ПАРК“ со Решение за објавување
3.-Програма за дополнување на Програмата за дејноста
спорт за 2012 година со Решение за објавување
4.-Програма за дополнување на Програмата за работа
на Советот за 2012 година со Решание за објавување
5.-Одлука за одобрување финансиски средства на
Шаховски клуб ГАМБИТ со Решение за објавување
6.-Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето
на Центарот за развој на Скопскиот плански регион
со Решение за објавување
7.-Одлука за формирање на Општински Совет за
превенција на малолетничко престапништво на Општина Карпош
со Решение за објавување
8.-Одлука за одобрување на средства за поддршка на
Спортското друштво на глуви лица „Слобода“
Со Решание за објавување

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** Ул. Демир Трајко бр. 43 тел. 3065-925
**Тираж:** 25 примероци